Воислав Д. КУШЕВСКИ

# КОН ПРАШАЊЕТО ЗА МЕСТОТО И ТРЕТМАНОТ НА ИСТОРИРИЈАТА НА НАШИТЕ НАРОДИ И НАРОДНОСТИ ВО ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ УЧЕБНИЦИ ПО ИСТОРИЈА

## По повод претстојното донесување на заедничките програмски јадра за наставата по историја

Меѓу постојните познати разлики во наставните програми по историја во земјата, во практиката се диференцирале главно две концепции — кога станува збор за историјата на југословенските народи и народности. Оваа состојба е позабележителна во учебниците по историја. Имено, поголем број автори се определиле за континуиран преглед на историјата на дотичниот народ и покрај тоа што и кај нив се разработуваат и општи теми од историјата на нашите народи и народности. Тоа се забележува кај словенечките, македонските и хрватските автори. Но има и учебници кај чии што составувачи очевидно е присутен[1]) поинтегрален третман на одделни периоди од нашето минато, подвлекувајќи го тоа и во самите наслови на партиите или методските целини. При тоа, во содржините се одбележуваат оние историски појави и процеси коишто се карактеристични за сите или за дел од историјата на нашите народи и народности, што не значи дека не се дава преглед и на определени периоди или настани од минатото на дотичниот народ или народност, се разбира, таму кадешто е тоа неопходно.

Кај првата концепција се забележува дека за сметка на поопширната обработка на историјата на дотичниот народ во значителна мера е намален обемот на историјата на останатите наши народи и народности. Кај вториот приод, макар што се инсистира на единствена обработка на историјата на нашите народи, сепак забележуваме дека историскиот развиток, на пример, на Словенците, Македонците или Црногорците, како и народностите ,маргинално или фрагментарно или воопшто не се

[1]) Се разбира, раководејќи се и од наставните програми на дотичната република односно социјалистичка автономна покраина.

споменува, не се следи. При изборот на наставните содржини како да не се води сметка за нивната положба, дури и за нивното присуство во определениот период. На пример, во темата за нашите народи во I-та светска војна и покрај тоа што во неа се подразбираат сите наши народи и народности, сепак, се среќава „тардиционалистички" приод при нејзината обработка. Имено, во неа има главно материјал за праведната борба која што ја водел српскиот и црногорскиот народ, Потоа, има повеќе или помалку податоци и за Хрватите и Словенците, додека воопшто не се споменува македонскиот народ. иако се знае дека Македонија беше воено боиште од 1912 до 1918 година. А кога станува збор за Солунскиот фронт, постои „традиционализам" и во врска со неговата обработка — како учебнички текст. Истиот, имено, се набљудува од гледиштето на воената стратегија, и неоспорната храброст на српските војници и успесите кои беа постигнати за слободата на својата окупирана земја[2]).

Но и покрај истакнатото, во соодветните учебници не би требало да се преминува и преку фактот дека Солунскиот фронт проаѓал преку средината на територијата на Македонија, дека од неговото формирање до крајот на војната македонската земја била пустошена во заднината како на едната така и на другата страна. Осуствуваат и информации и за настојувањето на македонскиот народ да се добере до слободата ,особено при крајот и по завршувањето на војната, кога македонските политички асоцијации и поединци, со многубројни акции, преку петиции, апели, меморандуми и сл. настојувале и на Париската мировна конференција да го постават прашањето за македонска слобода и независност, врз тогаш актуелниот принцип на народноста и на самоопределувањето.

Сврзано со оваа тема, кај нас редовно се коментира како наставна содржина Париската мировна конференција по Првата светска војна односно склучувањето на мировните договори и за границите на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците. Станува збор за нашите сонародници кои останале надвор од границите на нашата земја. Тука се третираат пред сè Словенците и Хрватите кои останале под Италија и Австрија[3]) и тоа во сите соодветни учебници. А на ова прашање му се посветува внимание и по Втората светска војна, во врска со борбите

[2]) На едно место, авторот на учебникот по историја за VIII одделение на основните училишта (од едно белградско издание) убаво дидактички се изразил, дека српскиот војник се борел „за да ја ослободи својата окупирана но непокорена земја...".

[3]) Во оваа смисла наспомнуваме дека е разбирливо што во учебникот на Бранко Божиќ и Томаж Вебер, постојат и посебни теми од овој дел на историјата на словенечкиот народ, како „Борба за нашите западни и северни граници" (т.е. „Boj za naše severne i zahodne meje") и „Словенците зад нашите граници меѓу двете светски војни" (т.е. „Žamejski Slovenci med obema vojnami"). (Види: Branko Božić — Tomaž Weber, Zgodovina 8, Ljubljana, 1973, 20—22 и 37—39.).

за нашите територии кои останале под Италија по Втората светска војна, па и во поглед статусот на нашето словенечко малцинство и хрватското под Италија односно Австрија. Меѓутоа, во ниту еден учебнички текст со исклучок во Македонија, не се споменува постоењето на македонското малцинство во Пиринска и Егејска Македонија. А овде е и Бледската спогодба, којашто предвидувала, како што е познато, и одредена културна автономија за Македонците во Пиринска Македонија. Тоа би се однесувало и за Статутарниот акт бр. 5 од 10 август 1947 година на Главниот штаб на Демократската армија на Грција (ДАГ) со којшто на Македонците како национално малцинство им беше признато правото за отворање училишта со настава на македонски јазик.

Значајни разлики постојат и во обработката на историјата на нашите народи и народности меѓу двете светски војни, односно во Кралството Југославија.

Зошто на пример, кај одделни автори предимензионирање на меѓусебните политички борби на граѓанските политички партии во Кралството на Србите, Хрватите и Словенците односно во Кралството Југославија? Зашто тоа не би смеело да биде за сметка на неподвлекувањето на националните проблеми во Кралството, односно на запоставувањето борбата што ја воделе нашите обесправени народи и народности за рамноправно место во државната заедница. Оттука во овие учебници и во недоволна мера авторите ја прикажуваат исклучително тешката положба, посебно на македонскиот народ, неговите страдања, неможноста национално да се изразува, како и неговите стремежи, неговата борба против политиката на национална обесправеност, против политиката на асимилација и др. Кај овие автори постои запоставување и на традиционалните демократски стремежи односно и на борбата и на српскиот народ против ненародните реживи во стара Југославија. На кусо речено, не се согледува борбата и на народните маси, туку историјата на Кралството како повеќе да се разгледува од гледиштето на меѓусебните пресметнувања на југословенската — претежно на српската и хрватската буржоазија.

Во врска со реченото се добива впечаток дека за историјата на едните и на другите наши народи и народности, постои помалу простор и податоци за едните или другите доколку е „оддалеченоста“ поголема. Типичен пример, се учебниците во СР Словенија и СР Македонија, и покрај тоа што постојат одредени аналогии во историската судбина на словенечкиот и маке-

донскиот народ[4]). Имено, недопустливо е авторите во Македонија кога ја третираат историјата, на пример, на Народноослободителната војна, освен спомнувањето на 22 јули 1941 година, тукуречи да не споменуваат ниту еден важен настан од развитокот на Народноослободителната војна во Словенија[5]), и обратно, во словенечкиот учебник за VIII одделение за основните училишта освен за 11 октомври 1941 година тукуречи, воопшто не се споменува Македонија во текот на оваа војна.

Заправо во поголемиот дел од учебниците има малку податоци за историјата на македонскиот народ од времето на Народноослободителната војна. Како да се „прескокнуваат" односните настани од развојот на истата во Македонија, посебно во 1943 и во првата половина на 1944 година кога истата била во размав, кога се формирани крупните воени единици (Народноослободителните бригади), кога е формирана Комунистичката партија на Македонија, или за Првото заседание на АСНОМ, кога се остварени вековните идеали на македонскиот народ... Односно осуствува коментаар и за решавањето на националното прашање во текот на Народноослободителната војна, на примерот на македонскиот народ. За тоа нема ниту збор, овен спомнувањето на одржувањето на Првото заседание на АСНОМ.

Истакнатото е секако последица на она што и порано сме го истакнувале — дека проширената и континуираната обработка на историјата на дотичниот народ и во учебниците, неминовно се одразило врз смалувањето обемот на изучувањето историјата на останатите наши народи и народности.

Меѓутоа, во основните учебни помагала секако треба да се дава повеќе простор и на историјата на останатите наши народи и народности, и со зголемувањето просторот и времето за настава по историја, со што ќе се прошири обемот на наставниот материјал, особено во класовите каде преовладува обработката на најновата историја на нашите народи и народности, зашто само на тој начин многу од проблемите што не преокупираат и кои ги третираме, би биле решени.

Макар што е значаен и обемот на материјалот или бројот на темите за пооптимална дидактичка обработка на историјата на одделните наши народи и народности, сепак, од гледиштето на воспитувањето на југословенскиот социјалистички патриотизам од посебна важност е правилниот о д н о с на авторот кон конкретизацијата на темата, во изборот на содржините кои се

---

[4]) Ова дотолку што и Словенците и Македонците со доаѓањето на Балканот биле изложени повеќе и директно на притисокот и ударите на завојувачите — едните од северозапад, другите од исток и југоисток и дека релативно рано потпаднале под туѓа власт, а и „дошле" до слободата релативно подоцна.

[5]) На пример, зошто ученикот од Македонија да не знае ништо, на пример, за Похорскиот батаљон или за италијанско-германските офанзиви, за херојската Љубљана, или за партизанската болница „Фрања" и др.

однесуваат за сите наши народи и народности, посебно за оние настани во кои се решавала судбината не само на едниот, туку на сите наши народи и народности и кои како „стандардни" содржини или теми се присутни во сите наставни програми и во учебниците, а според тоа и во наставата.

Меѓутоа, пристапот при обработката на некои од овие теми и партии е различен. Ја земаме за пример наставната тематика — создавањето на заедничката држава — Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, вклучувајќи ја и дејноста на Југословенскиот одбор и улогата на одделните личности. И при површносниот поглед врз сите учебнички текстови на оваа тема не е тешко да се согледа мошне диференцираниот приод и третман на овој важен настан од судбоносно значење за југословенските народи и народности. Така, формирањето на Југословенскиот одбор одделни автори го припишуваат како заслуга на одредена влада или други политичари емигранти. Потоа постојат и разлики во поглед на неговата улога, како и за улогата на српската влада на релацијата со Југословенскиот одбор, или во врска со обединувањето се акцентира улогата на споменатата влада, односно на одделните личности (Пашиќ, Супило). Разликите ги одбележуваме и во следењето на етапите на обединувањето, посебно на мотивите на непосредниот чин на обединувањето на 1 декември 1918 година.

Се чини дека кај повеќето автори недостасува консеквентен класен пристап па оваа тема пред сè како учебнички текст, посебно што се однесува до неразликувањето на храброста на српскиот војник, племенитоста и слободарските стремежи на српскиот народ — од политиката на владата која ги користела тие стремежи, зашто тоа ќе биде во противречност со политиката којашто ја водела имено српската буржоазија во лицето на нејзиниот тогаш најеминентен претставник Никола Пашиќ во преговорите со Југословенскиот одбор, во врска со создавањето на „Голема Србија", со неговата теза за „постепено обединување" и сл.

Во поглед обработката на Народноослободителната војна и Револуцијата забележено е во еден учебник, дека востанијата на нашите народи и народности во 1941 година се обработуваа не по хронолошкиот туку по територијалниот принцип. Концепцијата овде била јасна: да не се истакнува кој од нашите народи прв тргнал на востание и според тоа ова да влијае да не се формира свеста (впечатокот) за поголема или помала заслуга во Народноослободителната борба и сл. Меѓутоа, ние сме сигурни дека во тоа време — кога Партијата повикувала на востание — не се прашало кој ќе тргне прв во бојот, туку се здружувале силите за организирање и за отпочнување на заедничката борба против окупаторите и нивните домашни слуги.

15*

Има примери и од други настани и периоди и од поодамнешната историја на нашите народи кај кои што при изнесувањето на податоците, при третманот на истите се држиме до одредени традиции. Тоа се однесува до некои прашања од средновековната култура, посебно за средновековната уметност во Македонија, како и за одредени прашања околу востанијата на браќата Комитопули, за приликите во Македонија по распадот на Душановото царство. Или на пример, и порано македонската историографија укажувала дека по „Светата војна" (односно по задушувањето на Карпошовото востание) покрај српското население, и дел од Македонците се движеле на север во времето на преселбите, кон крајот на XVIII век и дека и нивното присуство преку Дунав е историски факт. Меѓутоа, во учебничките текстови во другите наши издавачки центри не наидуваме на такво одбележување.

Потоа, со години се среќаваме и со различна интерпретација за Балканските војни, којашто не е во согласност со резултатите на македонската историографија сврзани со ова прашање[6]). Членот на Претседателството на СФРЈ, Петар Стамболиќ, уште пред неколку години, во една дискусија пред младината во Земун, го скренал вниманието на ова време заземајќи став по ова прашање што се совпаѓа со становиштата на спомenатата историографија во врска со овие и блиските настани[7]).

Исто така не се нагласени во доволна мера во учебниците и врските на нашите народи и народности во минатото, на пример, за востанијата во Македонија во XI век, околу значењето на одделните историски личности за сите наши народи и народности, за учеството на припадници од другите наши народи и народности во Кресненското, Илинденското и воопшто во националноослободителното движење на македонскиот народ, или за учеството на Македонците во Српското востание од 1804 година[8]), или за заедничката борба на прогресивните сили на нашите народи и народности под раководството на КПЈ против ненародните режими, за демократизација на земјата пред 1941 г., потоа, за борбите на Сремскиот фронт итн.

---

[6]) Со исклучок на учебникот на д-р Иво Периќ. (Види: (D-r Ivo Perić, Povijest 4, za gimnazije, „Školska knjiga", Zagreb 1972, 18).

[7]) Види: П. Стамболиќ, За традицијата и традиционализмот, сп. „Историја", Скопје, год. IX, бр. 2 (1973), 389—394.

[8]) Од какво значење е тоа и за одгледување свеста ѝ чувството за заедништвото на нашите народи и народности нека ни послужи и следниов пример. Во учебникот по историја од Ѓорѓе Лазаревиќ, којшто долго време беше во употреба во средните и стручните училишта во бивша Југославија, — во наставната тема за Првото српско востание, во подразделот под наслов „Ичков мир" е наведено дословно дека „Петар Ичко бил родум Македонец" („Петар Ичко био је родом Македонац" — види: Ђорђе Лазаревић. Историја Југословена — о главним догађајима опште инторије, за средње и стручне школе, друга књига, једанаесто издање, Београд 1935, 80.). Независно од побудите на авторот, а и со оглед на тогаш-

А отворено е и прашањето за периодизацијата како на општата, така и на историјата на нашите народи и народности, што своевидно се одразува и во наставните програми односно и во учебниците по историја. Разликите пак во распоредот на материјалот по класови, што е последица на неизедначеноста на наставните програми на југословенски план треба да се надминат со усвојувањето на заедничките програмски јадра за наставата по историја.

Во заклучниот дел од нашево излагање, ние би додале дека сме свесни оти овие и други разлики кои во смисла на третираната проблематика постојат кај нас во учебниците по историја, не ќе можат наеднаш да се надминат. Имено, треба да се допушти дека постоеле и постојат прашања од историјата на нашите народи и народности кои сè уште од страна на југословенската историска наука не се разјаснети. Ова дотолку што сме и многунационална заедница. Меѓутоа, со оглед на тоа што се работи за учебни помагала врз кои се воспитуват бројни југословенски генерации, сепак, не смее да се допушти тие разлики да бидат такви што во наставата по историја тоа да оди на штета на воспитувањето на југословенскиот социјалистички патриотизам, зашто сме должни во овој поглед да бидеме достојни на она што претставува југословенска свест на заедништвото, кое не е од вчера, истакнувајќи ги оние позитивни настојувања на нашите народи и народности во минатото, на што нè воспитувала и не учила нашата Партија, а и слободарските и демократските идеали и традиции на нашите претци... Со други зборови, треба да го истакнуваме она што е прогресивно т.е. да даваме првенство на позитивните текови и настојувања во нашето минато, а да не навлегуваме во еднострани анализи и интерпретации кои може да наштетат мошне многу, бидејќи пос тојат и чувствителни прашања што се и од политичка природа односно може да имаат и негативни политички реперкусии.

Оттука конгресите на југословенските историчари, научните собири и другите меѓурепублички и покраински средби од ваков и сличен карактер, здруженијата на историчарите би требало повеќе да се бават заправо со расчистувањето на овие и слични отворени прашања од југословенското историско минато — што е и крајна задача на нашата историска наука — на југословенските народи и народности да им се даде нивната ви-

---

ните негативни ставови и познатата политика спрема националното прашање, посебно спрема македонската нација, — учениците Македонци, кога одговараа пред наставникот за оваа лекција, посебно за оваа фаза од развојот на Првото српско востание, односно за Ичковиот мир, не само што не пропуштаа од збор до збор да го цитираат авторот, туку посебно акцентираа дека Петар Ичко бил Македонец, сакајќи со тоа да укажат и на своето македонско национално чувство. Но од посебна важност е што на нив учениците — Македонци, оваа тема, токму заради ова место во нејзиниот текст им беше исклучиво омилена (сакана), независно од нејзи ната идејно-воспитна прогресивна содржина!

стинска историја. А тоа е неопходно зашто неминовно и непосредно се одразува и во учебничката литература, односно во наставата по историја, на што укажавме врз некои примери. Во оваа смисла треба да се продолжи односно да се забрза работата на изработувањето на едно тимско и заедничко комплетно дело за историјата на југословенските народи и народности.

При сево ова напорите на нашите автори на учебници, наспроти реченото, не треба да се потценуваат. Нив ги согледуваме во секое ново издание или при изработката на новите учебници во сите наши републики и покраини, затоа со оптимизам гледаме дека и ова прашање поуспешно ќе го решаваме во догледно време. Во ова смисла и натаму ќе треба да се усовршуваат споменатите заеднички основи — јадра на наставните програми по историја, дури и по нивното усвојување... При тоа треба да се има заедничка концепција и во поглед распоредот на наставниот материјал во основното и средното насочено образование за наставата по историја.

Во иднина би била корисна практиката и на размена на ракописи за учебниците или со вклучување по еден или повеќе рецензенти и од другите републики и покраини ,како и размената на ракописите пред нивното печатење или организирање на поширока дискусија од стручњаците или заинтересираните општествени фактори, па потоа да се печатат. При овие контакти на време може да се укажува на одделни пропусти, грешки, празнини, погрешни интерпретации и сл.

На крајот, со нашево излагање сакавме да го експонираме едниот, според нашето мислење, од клучните проблеми на наставата по историја кај нас, разгледуван низ одделни содржини во учебничката литература по историја, чијашто образовна и идејно-воспитна улога ни е добро позната, и дека за неговото решавање главен збор има нашата историска наука и се разбира, авторите на учебниците по историја.

Сметаме дека проблемите на оваа настава не лежат толку во заедничките програмски јадра. Впрочем, нив историчарите, релативно брзу ги усогласија и усвоија, што е резултат и на нивните поранешни стручни напори и на присутноста на југословенското заедништво и во постојните наставни програми по историја.